**Надлежности на општината и како ги остварува**
**Образование, Спорт и рекреација**

- **Образованието** е „пренесена надлежност" од централно на локално ниво и општините се надлежни за основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта (во соработка со централната власт), превоз, исхрана на ученици и сместување во ученички домови (член 22, точка 8 од ЗЛС).
  Основното е задолжително образование и родителот е должен да го запише детето кое ќе наполни шест години, во својот училишен реон, а ученици од друг реон или од друга општина, се запишуваат само има слободни места за запишување и при тоа имаат право на бесплатен превоз ако живеат на најмалку 2 КМ од најблиското основно училиште. Учениците со попреченост и нивна придружба имаат право на бесплатен „пристапен" превоз без оглед на оддалеченоста.
  Средни училишта се исто така задолжителни и можат да бидат општински (ги основа Советот, по прибавено мислење од Влада), државни и приватни. Едукацијата се одвива преку програми за **гимназиско, стручно, уметничко и образование за ученици со посебни образовни потреби.** Стручното образование и обука овозможува стекнување со **прво, второ или трето ниво на стручни квалификации**, како и **пост средно стручно образование и обука** кое овозможува стекнување со четврто ниво на стручни квалификации. И овде има бесплатен превозот (оддалеченост од најмалку 2,5 километри од училиштето), доколку ученикот не е сместен во ученички дом и ако избраната струка и профил не е застапена во општината во која ученикот живее. За сместените ученици во дом, бесплатен превоз до дома за време на викендите, имаат само учениците со посебни образовни потреби и нивната придружба. Запишувањето во ОСУ и државните училишта оди преку конкурс кој го објавува МОН во медиумите, најдоцна до 31 март, по претходно доставени предлози од општините. Тие треба да остварат продлабочена соработка со бизнисите заради обезбедување соодветни кадри за пазарот на труд. Уписната стратегија е дел од Стратегијата ЛЕР.
  Надлежноста за капитални инвестиции во образованието **не е префрлена на општините**, иако општините се грижат за школските згради.
  Советот може да формира постојани и повремени комисии од оваа област, но мора да ги имаат на ум и ресорните закони (Закони: за основно образование; за средно образование; за стручно образование и обука; за ученички стандард; за национална рамка на квалификации; за образование на возрасни; за отворените граѓански универзитети за доживотно учење; за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта).
  Освен општински училишта (каде основач е општината), има и државни училишта што ги основа Владата и тие се под ингеренции на МОН.
  Советот ги основа училиштата и ученичките домови, по претходно прибавено мислење од Владата (ако има доволен број ученици за формирање на најмалку по две паралелки од прво до деветто одделение; соодветен наставен кадар; соодветни училишни простории, опрема и наставни средства согласно нормативи и стандарди и потребни финансиски средства). Основните училишта во својот состав може да имаат и подрачни училишта, по претходно позитивно мислење од министерот. Општината, по претходна согласност на МОН, може да го згасне училиштето, а за подрачното училиште по претходна согласност од министерот.
  Советот именува еден претставник во Училишниот одбор на основното училиште од вкупно седум членови и три претставници во Училишниот одбор на средното училиште од вкупно 12 члена. Претставниците можат, но не мораат да имаат познавања од образовната свера, иако учествуваат во управувањето на училиштето. Исто, советот ги разгледува и усвојува: Годишните програми за работа на училиштата,

Годишните извештаи за работата на училиштата (доколку не го усвои, се смета за прифатен), но има улога и во „исклучителни состојби, кои суштествено го нарушиле воспитно- образовниот процес во едно училиште“.
Градоначалникот исто така има номинални (реда – ради) и стварни надлежности во образованието. Три месеци пред истекот на мандатот на директорот на училиштето, го задолжува Училишниот одбор за поведување постапка за именување директор, но и без тоа Одборот има обврска да објави таков јавен оглас. УО на основно училиште гласа за директор на училиштето, за одлуката го информира градоначалникот, кој мора истиот кандидат да го назначи за директор во рок од 10 дена, а во спротивно тоа го прави министерот. УО на средно училиште избира кандидат за директор и го информира градоначалникот, кој во рок од 15 дена, го потврдува изборот, а во спротивно должен е во рок од три дена да го извести УО со писмено образложение за причините. УО во рок од 7 дена, на градоначалникот му доставува еден предлог за избор на директор и тогаш градоначалникот е должен во рок од 5 дена да го избере предложениот кандидат. Градоначалникот овластува лице од општинската администрација за вршење **просветна инспекција** (општински инспектор за образование), кој нема право на интегрална евалуација и не може да ја следат реализацијата на наставните планови и програми, но имаат многу важна улога за правилно спроведување на ингеренциите на општината. Тој исто така разрешува директор на училиштето и доколку не е извршен избор, именува в.д. директор.

- **Образованието за возрасни** (Закон за образование на возрасни) е мошне битна ставка на образованието и Советот анализира потреби на пазарот на трудот и аплицира до Центарот за образование на возрасни и другите установи, за да основа установи за образование на возрасните, а за таа цел доставува предлози до МОН и до Центарот за потребите за развој на програмите за образование на возрасните, но и сама донесува програми, кои се финансираат од средствата на општината и ги доставува на верификација до Центарот и обезбедува средства за установите - каде е основач и доставува предлози за уписната политика до МОН. Советот води и регистар за установи и институции кои реализираат признати програми во јавните училишта (ги предлага Бирото за развој на образование), а ги донесува министерот, но планови и програми можат да предлагаат и општините, училиштата, претпријатијата, установи и други правни лица за преквалификации, доквалификации и тн. МОН врши надзор на работата на органите на општината за спроведување на надлежностите во образованието и може да им ја одземе оваа надлежност и една година сама да го врши, во име на општината. Сепак, многу малку е направено на ова поле од страна на општините, а работата на поранешните „работнички универзитети“ е сведена на делење разни дипломи без никаква едукација, стекнати вештини и знаење.
- **Финансирање на образованието.** Општините добиваат блок дотации за образование, кои не се доволни за квалитетно спроведување на надлежноста.
  **Релевантни закони и уредби**: Законот за буџетите на РСМ, Законот за извршување на Буџетот на РСМ, Законот за финансирање на ЕЛС; Уредби за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основно образование по општини, Уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средно образование по општини, Уредбите за методологија за утврдување на критериумите за распределба на блок и наменските дотации (на предлог на МОН ги донесува Владата, а по претходна согласност од МФ и од **Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините**, каде мнозинскиот број членови се претставници од општините).

Средствата што ги добиваат општините во блок дотациите и наменските дотации за учениците со попреченост се распределуваат во училиштата согласно со бројот на ученици со попреченост. Општината може да ја дополни блок (наменска) дотација со средства од сопствени и други извори. МОН за средствата за финансирање на основното образование донесува финансов план и програми и годишна пресметка и го контролира наменското користење на средствата од буџетот. Советот утврдува критериуми за распоредување на средствата (плати - буџетска категорија 40 и трошоци од категорија 42, стоки и услуги), а училиштата мораат да склучат соодветно осигурување за одговорност од предизвикана штета, на сопствена сметка. Податоците од годишниот финансиски план и од завршната сметка на училиштата, општината ги објавува во „Службен гласник“.

- **Спортот и рекреацијата** е проблематична и нејасна област заради широките овластувања, кој ги дефинираат како: „поддржување на традиционалните спортски натпревари од национален и од меѓународен карактер, поддржување на училишниот и на студентскиот систем на натпревари и поддржување на општинските сојузи како највисока форма на организирање на активностите, како и обезбедување простор, материјални и кадровски услови за функционирање на спортските клубови, развој на масовен спорт..“. Релевантни закони за оваа област се: ЗЛС, Закон за изменување и за дополнување на Законот за спорт, Закон за здруженија и фондации и Закон за спортот.

  Оваа надлежност е силно нападната заради неможноста општините да го преземат **имотот и управувањето со спортските објекти** и порано и сега склучените договори со концесионерите, па финансирањето на програмите на спортските и на спортско - рекреативните клубови и поддршката на професионалниот спорт, како и дадената надлежноста за одржување и за изградба објекти за спорт е секогаш поврзана и со волјата на централната власт да даде „вонредни“ пари за изградба на објекти и/или поправка на сали. Најчесто, централната власт, преку своите министерства и агенции гради такви објекти – директно, а не е познато заради која рационална причина. Веројатно е тоа партиска работа. Советот, по програми што ги предлагаат општинските спортски сојузи, предлага програми за финансирање од буџетот на општината, а можат да формираат и фондации за развој на спортот.

  За развој на училишниот спорт значајни се училишните спортски клубови, кои најмалку пет наставници - кои засновале работен однос на неопределено време, можат да го основаат. Нивното финансирање зависи (повторно) од волјата на општината.